**Известување за концентрација со која Ауцтор Холдинг а.с., Прага, Чешка, и СПВ Сецонд а.с. Чешка ќе стекнат заедничка контрола врз ОТ Логистицс С.А. Полска**

**(предмет бр. 08-24/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 23.01.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Ауцтор Холдинг а.с. (*Auctor Holding a.s*.), со регистрирано седиште на адреса Соколовска 700/113а, Карлин, 186 00 Прага 8, Чешка Република, и СПВ Сецонд а.с. (*SPV Second a.s*.), со регистрирано седиште на адреса Соколовска 675/9, Карлин, 186 00 Прага 8, Чешка Република**,** преку друштво ДД Раил Пропертиес**,** ќе стекнат заедничка контрола врз ОТ ЛОГИСТИЦС С.А. (*OT LOGISTICS S.A*.), со регистрирано седиште во Шчецин, ул. Збожова 4, 70-653 Шчецин, Полска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Ауцтор Холдинг а.с**. е акционерско друштво основано согласно законите на Чешката Република. Истото функционира како холдинг друштво за управување со инвестиции во деловни активности кои претежно се лоцирани во Република Хрватска. Комерцијално е активно главно во областа на хотелските услуги и здравствената индустрија.

Ауцтор Холдинг а.с. е под заедничка контрола на чешкото друштво ЈТПЕГ Цроатиа Инвестментс а.с. (под исклучива контрола на J&T ПРИВАТЕ ЕКВИТИ ГРОУП ЛИМИТЕД од Кипар и хрватското друштво АУЦТОР ПРИМЕ д.о.о. под исклучива контрола на г. Олег Ускоковиќ од Република Хрватска.

Ауцтор Холдинг а.с. нема подружница во Северна Македонија и е присутен на пазарот во Северна Македонија само маргинално, во областа на големопродажба на фармацевтски производи.

**СПВ Сецонд а.с**. е акционерско друштво основано согласно законите на Чешката Република.

СПВ Сецонд а.с. нема подружница во Северна Македонија и е присутен на пазарот во Северна Македонија во продажбата на потрошувачка хемија.

**ОТ ЛОГИСТИЦС С.А**. е најголем пристанишен оператор во Полска и еден од најголемите во басенот на Балтичкото Море.

ОТ ЛОГИСТИЦС С.А. нема подружница во Северна Македонија и не е активно на пазарот во Северна Македонија.

Релевантниот пазар за концентрацијата е пазарот на пристанишни услуги во Северна Македонија

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира како пазар за концентрацијата  на пристанишни услуги во Северна Македонија

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

27.01.2026 година

Скопје